РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25-6659/ 2
6.09.2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), постапувајки по барањето на Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово бр.25-6659/1 од 07.09.2010 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово, за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите M, N и O,** согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105//10)

Образложение

Друштвото за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово, до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите M, N и O, согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување за вршење на правното лице, Друштво за техничко испитување и анализа АВТОКОНТРОЛ ДООЕЛ Куманово да врши технички преглед на сите групи на категории на возила бр.19.11.1-18875/3 од 17.06.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје; Договор за закуп на деловен простор и опрема заверен на нотар бр.УЗП9154/10 од 06.09.2010 година во Куманово; копии од обрасците М1/М2 за дипл. маш. инг. Петар Арсиќ со Потврда за положен стручен испит бр.25-5407/2, дипл. маш. инг. Оливер Николиќ со Потврда за положен стручен испит бр.25-5408/2 и дипл. маш. инг.- Љубиша Крстевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-5409/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.130010001319 од 22.03.2010 година; и Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките на работа.
Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08) и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), утврди дека барањето е основано.
Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.
Таксата од член 37 со тарифен број 101 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/2010) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*